Друштво за трговија,производство,услуги
шпедиција, увоз-извоз ПЕКАБЕСКО ад
Бр.0202- 2505
27.11.2020. година
Кадино,Илинден

**З А П И С Н И К од**
**Одбор на директори**
**одржан на 27.11.2020 година**

Состанокот на одброт на директори започна во 13:00 часот

**Присутни:** Слободан Кутревски Прв главен извршен директор;
Анатол Кутревски Втор извршен директор;
Марко Кутревски Трет извршен директор;
Миле Бановиќ Прет. на одбор на директори,
Шушлевски Славчо Неизвршен член;
Дарио Кадиев Неизвршен член и
Светлана Мицкоска Неизвршен и независен член.

**Дневен ред**

1. Усвојување на Политика за девиденда за период од 2020-2027 година

**По повод првата точка** од дневниот ред за збор се јави вториот извршен директор г-динот Анатол Кутревски кој образложи дека се јави потреба да политиката за девиденда на ПЕКАБЕСКО АД биде предвидлива на наредниот период, иако во изминатите години ПЕКАБЕСКО АД како фирма има јасна политика околу распределба на девиденда, се дава предлог да во периодот од 2020 па до 2027 година односно во наредните 7 години, Одборот на директори како орган на управување на ПЕКАБЕСКО АД нема да предлага предлог-одлука до Собранието на акционери со која се предвидува распределба на девиденда.Овој предлог вториот извршен директор го образложи на следниот начин:

Во изминатиот период компанијата ПЕКАБЕСКО АД Кадино има направено инвестиции во фиксни средства по години и тоа:

| | |
|---|---|
| 2017 | 118,120,000 ден |
| 2018 | 64,391,000 ден |
| 2019 | 93,656,000 ден |
| 2020 | 122,727,000 ден |

Во периодот 2020-2027 година на компанијата ПЕКАБЕСКО АД достасуваат за наплата долгорочни кредити во износ од:

| | |
|---|---|
| | 13.668.859,01 ден |
| 2020 | 122.332.105,70 ден |
| 2021 | 114.872.995,17 ден |
| 2022 | 52.991.688,41 ден |
| 2023 | 27.492.550,41 ден |
| 2024 | 23.921.355,50 ден |
| 2025 | 10.773.737,90 ден |
| 2026 | 7.406.082,15 ден |
| 2027 | 233.361,14 ден |
| 2028 | 373.692.735,36 ден |

Во периодот од 2020-2027година компанијата ПЕКАБЕСКО АД планира инвестиции во износ од :

| | |
|---|---|
| 2020 | 130,000,000 денари |
| 2021 | 60,000,000 денари |
| 2022 | 100,000,000 денари |
| 2023 | 100,000,000 денари |
| 2024 | 90,000,000 денари |
| 2025 | 70,000,000 денари |
| 2026 | 60,000,000 денари |
| 2027 | 60,000,000 денари |

Согласно горенаведените инвестиции во претгодни години, исплата на обврски по долгорочни кредити во наредните 7(седум) години како и планирани инвестиции во наредните 7(седум) години, за да може да се покриваат обврските што ги има компанијата  а воедни и да се финансираат нови задолжувања односно нови отпалти на кредити , и нови инвестиции,  потребно е одборот на директори да донесе одлука со која ќе се утврди дека осборот на директори како орган на

управување  во наредните 7 години односно за периодот од 2020-2027година, на собранието на акционери нема да му доставува предлог одлука за распределба на девиденда.Исто така со ова одлука не се задира во правото на акционерите кој може согласно законот да доставуваат предлог одлука, за која ќе си одлучува собранието на акционери.
По однос на точката од дневниот ред не се јави за збор друг член на одборот на директори.

**ЗАКЛУЧОК бр.1**
Одборот на директори едногласно констатираше дека оваа политика на девиденда ќе им овозможи на компанијата да ги сервисира своите обврски и да ги финансира следните инвестиции.
**ЗАКЛУЧОК бр.2**
Одборот на директори едногласно констатираше дека со ова ќе се подигне довербата која што кредиторите(банките и финансиските институции) ја имаат во нашата компанија и ќе имаме непречен понатамошен развој.
**ЗАКЛУЧОК бр.3**
Одборот на директори едногласно констатираше дека со ова не се задира во правото на  акционерите во компанијата  и истите доколку сметаат дека треба да се делува поинаку имаат начин преку предлози согласно законските прописи и одлуки на собранието на акционери да го сменат оваа.
**ЗАКЛУЧОК бр.4**
Одборот на директори едногласно констатираше дека записникот од овој состанок на одборот на директори како и политиката на девиденда, потребно е да се објаваат на системот за електронски известување СЕИ Нет при Македонската Берза.

Со оглед на изнесеното се донесе следната :

**ОДЛУКА**

**СЕ УСВОЈУВА** Политиката на девиденда за период од 2020-2027 година

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.
Политиката на девиденда за период од 2020-2027година е составен дел на овој записник.

Записникот од состанокот на Одбор на директори како и Политиката на девиденда за период од 2020-2027 година да се објават на на системот за електронски известување СЕИ Нет при Македонската Берза.

Со тоа состанокот заврши.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**МИЛЕ БАНОВИЌ**

Друштво за трговија, производство, услуги, увоз-извоз, ПЕКАБЕСКО АД шпедиција, Кадино Илинден
ПЕКАБЕСКО